РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-2210/1
07.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **02.05.2024 година**.

Во рамки на извештајот Ве информираме за следното:

- Агенцијата покрена прекршочна постапка против ТРД Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје врз основа на мониторингот на изборното медиумско претставување, каде е констатирано прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик. Имено радиодифузерот на 25 април 2024 година за време на вториот круг од Претседателските избори 2024, во реалните часови емитувана програма од 8 до 9 часот, од 9 до 10 часот, од 10 до 11 часот, од 11 до 12 часот и од 12 до 13 часот, емитуваше повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање за кандидатката за претседател – Гордана Силјановска Давкова, поддржана од политичката партија во опозиција - ВМРО-ДПМНЕ.
- Согласно роковите од Изборниот законик, Агенцијата ги провери и потврди доставените извештаи за реализирани услуги за емитување ППР на радиодифузерите и истите им ги достави.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**